Тони МИЛЕСКИ УДК: 314.156.2(497.7-17)„2004“

# ЕТНОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ НА НАСЕЛЕНИЕТО ВО СЕВЕРНОТО ГРАНИЧНО ПОДРАЧЈЕ СПОРЕД АДМИНИСТРАТИВНО-ТЕРИТОРИЈАЛНАТА ПОДЕЛБА ОД 2004 ГОДИНА

***Кратка содржина***

*Во овој труд се обработени одредени етногеографски обележја на населението во општините кои се наоѓаат во северниот дел на Република Македонија и целосно или со одреден дел од своите територии припаѓат во граничното подрачје. Податоците се презентирани и анализирани вкупно за секоја општина и тоа според податоци од пописите на населението за 1994 по старата административно-територијалан поделба од 1996 година и од пописот во 2002 година според новата територијална поделба од 2004 година. Иако постојат податоци за населението во Република Македонија, недостасуваат конкретни анализи на населението по општини според постојната територијална поделба од 2004 година. Таквите анализи од различни аспекти, вклучувајќи ги и стратегиските проценки и геополитичките импликации на населението се од посебно значење.*

***Клучни зборови***: *НАСЕЛЕНИЕ, ЕТНОГЕОГРАФСКИ КАРАКТЕРИСТИКИ, ОПшТИНА, ПОПИС НА НАСЕЛЕНИЕ.*

## ВОВЕД

Населението се дефинира како збир на сите луѓе кои живеат во одреден простор, кои меѓусебно се поврзани и функционално организирани, при што го сочинуваат човековото општество. Населението е предмет на проучување на социјалната географија која преставува наука за облиците на просторната организација и за просторно-релевантните процеси кои произлегуваат од основните животни функции на човековото општество. Проучувањето на населението претставува предмет на нализирање и на други научни дисцилини, кои за сопствени потреби проучуваат конкретни појави и процеси кај населението. Оттука и воените науки имаат потреба од одредени сознанија

за бројното движење, етничкот состав на населението, густината на населението, миграционите движења и сл.

Разместеноста на населението во просторот е нерамномерна. Зависно од природниот прираст и миграционите преразместувања на населението се менува и густината на населеност. Во рамките на одделните региони и држави, како и на ниво на светот воопшто динамиката на населението ја диктира природниот прираст. Денес постојат простори со природен прираст над 20 промили, а и такви каде истиот се движи околу 5 промили.

Генерално, населеноста на планетата е многу нерамномерна. Ако се набљудува населениот дел од Земјата (екумена) може да се согледа дека просечната густина изнесува околу 35 жители на км$^2$. Зоните со голема густина на населеност се Европа (без северниот дел), Индо-гангската низина, јужна Индија, источна Кина, Јапонските острови, Јава, долината на реката Нил, долината на реката Нигер, деловите на атлантското приморје на САД, Бразил и Аргентина. Околу 80% од светското население живее на евроазиското копно, 60% во умерениот климатски појас на северната хемисфера, околу 50% во низинските делови до 200 м.н.в., 30 % во литоралниот појас до 50 км од морињата.

Посебен фокус на нашето истражување претставува Северното гранично подрачје. Граничните подрачја претставуваат специфични простори за научни проучувања. Значењето на проучувањата на карактеристиките на насление во граничните подрачја произлегува од фактот што тие се први непосредни контактни простори со териториите на соседните држави.

Иако специфични, тешко може да се разгледуваат како заокружени целини, затоа што се релативно тесни земјишни простори до 10 км долж границите што припаѓаат на други просторни целини во длабочина на државната територија. Од тие причини многу е тешко да се прават разграничувања во демографска, економска, стратегиска и било која друга смисла, што е тоа што припаѓа на граничното подрачје и претставува само негова карактеристика, а што припаѓа на поширокиот простор, кој е заокружена целина, а граничното подрачје само еден дел од таа целина. Според тоа, во овој труд се анализирани податоци за бројното движење и етничката структура на населението во општините кои што целосно или само со одреден дел од својата територија припаѓаат на северното гранично подрачје според податоците од пописите спроведени во 1994 и 2002 година, а според административно-територијалната поделба на Република Македонија од 2004 година.

Човекот, односно живата сила претставува еден од четирите основни фактори на војната. Од аспект на воените науки основен фундамент на воениот потенцијал е населението. При проучувањето на населението на конкретен простор од военогеографски аспект се анализираат податоците за динамиката, структурата и географската разместеност на населението.

## 1. Просторни карактеристики на северното гранично подрачје

Граничното подрачје се детерминира како дел од територијата на Република Македонија на копно, на реките и езерата вон граничниот појас во длабина до 10 км. Длабината на граничното подрачје ја определува секоја држава и тоа врз основа на карактеристиките и големината на сопствената државна територија. Во некои држави статус на гранични населби имаат сите населби кои што се наоѓаат на оддалеченост од 20 км од граничната линија, а во други пак и населби кои што се наоѓаат до 40 и повеќе километри оддалеченост од граничната линија.

Поаѓајќи од констатацијата дека граничниот појас и граничното подрачје претставуваат елементи на државната граница, а според претходно наведената дефиниција за гранично подрачје, проширувањето на граничниот појас не се врши на сметка на граничното подрачје. Владата на Р. Македонија, може да донесе одлука, заради заштита на безбедноста на границата, за проширување на граничниот појас на одделни делови, односно да биде со длабочина поголема од 100 метри. На оние места каде што има проширување на граничниот појас, граничното подрачје се протега во длабина од 10 километри вон граничниот појас. Населението кое живее во граничниот појас и граничното подрачје се нарекува гранично население, а населбите на таа територија гранични населби.

Северното гранично подрачје со своите релјефни, геолошки, климатски, хидрографски, вегетациски, демографски и други специфики претставува предмет на анализирање од различни аспекти за различни потреби.

Во северното гранично подрачје целосно или со одреден дел од својата територија, а според територијалната поделба на Р. Македонија од 1996 година влегувале вкупно 20 општини и тоа: **Врутоk, Врапчиште, Неготино – полошко, Боговиње, Камењане, Шипковица, Тетово, Џепчиште, Теарце, Вратница, Јегуновце, Кондово, Сарај,**

**Ѓорче Петров**, **Чучер Сандево**, **Липково**, **Куманово**, **Старо Нагоричане**, **Ранковце** и **Крива Паланка**.

Во наведените општини според пописот од 1994 година живееле вкупно 390796 жители од различни националности.

Според пописот од 2002 година и територијалната поделба од 2004 година во северното гранично подрачје влегуваат 14 општини: **Гостивар**, **Врапчиште**, **Боговиње**, **Тетово**, **Теарце**, **Јегуновце**, **Сарај**, **Ѓорче Петров**, **Чучер Сандево**, **Липково**, **Куманово**, **Старо Нагоричане**, **Ранковце** и **Крива Паланка**.

Во наведените општини според пописот од 2002 година живееле вкупно 503143 жители. Со промената на територијалната поделба се намалил бројот на општините кои целосно или со одредени свои делови гравитираат кон северното гранично подрачје, меѓутоа се зголемил бројот на вкупното население за 112347 жители или за 77,7%.

## 2. Бројно движење и етнички карактеристики на населението во општините од северното гранично подрачје

### *Општина Гостивар*

Согласно новата административно-територијална поделба на државата од 2004 година, општината Гостивар ја зголемила сопствената територија и вкупното население за површината и жителите на поранешните општини Србиново, Долна Бањица, Вруток и дел од општината Маврови Анови.

Според податоци од пописот во **1994 година** во општината Гостивар живееле вкупно 45740 жители. Како Македонци се изјасниле 13514 жители или 29,5% од вкупно евидентираното население. Албанците броеле 25186 жители, односно 55,1% од вкупното население. Турци имало 4477 жители или 9,8%, Роми имало 1884 жители или 4,1%, Власи биле евидентирани 11 или 0,02%, а Срби се регистрирани 261 жител или 0,6% од вкупното население. Како други се определиле 407 жители или 0,9% од вкупно евидентираното население.

Со податоците од пописот во **2002 година** и новите општински граници од 2004 година, забележителен е порастот на населението. Покрај тоа, општината Гостивар со еден свој дел влегува во северното гранично подрачје што со старата територијална поделба од 1996 година тоа не беше случај. Во општината Гостивар според пописот од 2002 година и новата територијална поделба живееле вкупно 81042 жители што во споредба со 1994 година претставува повеќе

за 35302 жители или повеќе за 77,2%. Македонското население броело 15877 жители или 19,6% од вкупното население. Како Албанци се изјасниле 54038 жители или 66,7%, Турци имало 7991 жител, односно 9,9%, Ромите броеле 2237 жители или 2,8%, Власи имало 15 или 0,02%, а Срби биле евидентирани 130 жители или 0,2% од целото население. Како други се определиле 724 жители или 0,9% од вкупното население.

Според изнесените податоци можеме да констатираме дека населението во општина Гостивар од 1994 до 2002 година и според новата општинска поделба се зголемило за 35302 жители или повеќе за 77,2%. Македонското население бележи пораст за 2363 жители или за 17,5%. Албанците се зголемиле за 29691 жител или за 117,9%. Исто така и Турското население се зголемило за 3514 жители или за 78,5%. Тренд на намалување единствено има кај Србите и тоа помалку за 131 жител или 50,2%.

***Ойшѿина Врайчишѿе***

Според новата административно-територијална поделба на територијата на Република Македонија од 2004 година, општината Врапчиште ја зголемила својата територија и насление за површината и бројот на населението од поранешната општина Неготино-пошко.

Според податоци од пописот во **1994 година** во општина Врапчиште живееле вкупно 8416 жители. Од нив најбројни биле Албанците со вкупно 4028 жители или 47,9% од вкупното население. Македонци имало 1135 жители или 13,5%. Турците биле застапени со 3211 жители, односно со 38,15%, додека Срби имало 17 или 0,2%. Роми и Власи не биле евидентирани, додека како други се изјасниле 25 жители или 0,3%.

Пописот од **2002 година** покажува дека во општината Врапчиште живееле вкупно 25399 жители, што во споредба со 1994 година претставува зголемување за 16983 жители или околу 2 пати (202%) од вкупното население. Македонците биле застапени со 1041 жители или 4,1% од вкупното население. Албанци биле евидентирани 21101 жител, односно 83,1%. Турци имало 3134 жители или 12,3%. Срби имало 4 или 0,01%, додека како други се изјасниле 119 жители, односно 0,5%. Роми и Власи не биле регистрирани.

Според презентираните податоци можеме да констатираме дека во општината Врапчиште во анализираниот период и со промената на територијалната поделба од 1994 до 2002 година населението се зголемило за 16983 жители или околу 202%. Македонското населе-

ние бележи намалување од 1134 во 1994 година на 1041 жител во 2002 година или помалку за 93, односно за 8,2%, Албанците се зголемиле за 17073 или за повеќе од 4 пати, додека Турците се намалиле за 77 или 2, 4%.

### *Општина Боговиње*

Исто така, и општината Боговиње според новата територијална поделба на Република Македонија ја зголемила својата територија и население за површината и бројот на жителите од поранешната општина Камењане.

Пописот од **1994 година** покажува дека во општината Боговиње живееле вкупно 13001 жители. Македонци биле евидентирани 19 или 0,14% од вкупното население. Албанци имало 12953 жители, односно 99,6% од вкупното население, додека како Турци биле регистрирани само 3 жители или 0,02%. Роми имало 10 или 0,07%, а Срби само еден жител. Како други се определиле 15 жители или 0,11% од вкупното население.

Според пописот од **2002 година** во општина Боговиње живееле вкупно 28997 жители, што во споредба со 1994 година изнесува зголемување за 15996 жители или повеќе за 123%. Македонци имало 37 жители или 0,13% од вкупното население. Албанци биле евидентирани 27614 жители или 95,2%, додека како Турци биле регистрирани 1183 жители, односно 4,1%. Роми имало 5 жители, Срби 525 жители или 1,8%, додека како други биле евидентирани 27 жители или 0,1% од вкупното население.

Според наведените податоци од двата пописи, можеме да констатираме дека населението во општина Боговиње од 1994 до 2002 година се зголемило за 15996 жители или повеќе за 123%. Македонците се зголемиле за 18 жители или повеќе за 94,7%. Албанците бележат зголемување од 14661 жители или 113,2%, додека Турците се зголемиле од 3 жители во 1994 година на 1183 жители во 2002 година, односно повеќе за 1180 жители.

### *Општина Тетово*

Општина Тетово според новата административно-територијална поделба од 2004 година бележи пораст на населението и на нејзината површина. Во рамките на оваа општина придодадени се старите општини од претходната територијална поделба Шипковица и Џепчиште.

Според пописот од **1994 година** во општината Тетово живееле вкупно 65318 жители. Најбројни биле Албанците со 38765 жители

или 59,34% од вкупното население. Македонците броеле вкупно 20733 жители или 31,74%. Како Турци се изјасниле 2077 жители или 3,2%, додека Роми биле регистрирани 2272 жители, односно 3,5% од вкупното население. Срби имало 850 жители или 1,3%, а Власи 18 жители или 0,02% од целокупното население. Како други се изјасниле 603 жители или 0,92%.

Со пописот од **2002 година** бил забележан пораст на населението или во општината Тетово живееле вкупно 86589 жители. Во споредба со 1994 година тоа претставува пораст за 21271 зител или повеќе за 32,6%. Најбројни повторно биле Албанците со 60886 жители или 70,3% од вкупното население. Македонци имало 20053, односно 23,15% од целото население, додека како Турци биле евидентирани 1882 жители или 2,2%. Роми имало 2357 жители или 2,7%, додека како Срби се изјасниле 604 жители или 0,7%. Како други биле евидентирани 783 жители или 0,9% од целокупното население.

Според презентираните податоци за општината Тетово можеме да констатираме дека населението во периодот од 1994 година до 2002 година се зголемило за 21271 жител или повеќе за 32,6%. Македонското население се намалило за 680 жители или помалку за 3,3%. Албанците се зголемиле за 22121 жители или за 57,1%, додека турското население се намалило за 195 жители или за 9,4%.

***Општина Теарце***

Општината Теарце со новата територијална поделба на Република Македонија ја задрза сопствената површина како и во претходната административно-територијална поделба од 1996 година.

Според податоците од пописот од **1994 година** во општината Теарце живееле вкупно 20797 жители. Доминантни биле Албанците со 17351 жители или 83,43% од вкупното население. Македонци имало 2842 жители или 13,66%, Турци биле 462 жители, односно 2,2%, Ромите биле застапени со 92 жители или 0,44%, а Србите броеле 41 жител или 0,2% од вкупното население. Како други биле регистрирани 9 жители или 0,04%.

Со пописот од **2002 година** во општината Теарце биле евидентирани вкупно 22454 жители или во споредба со 1994 година, забележан е пораст за 1657 жители или повеќе за 8%. Доминантни биле Албанците со вкупно 18950 жители или 84,4% од вкупното население. Македонците броеле 2739 жители, односно 12,2%, Турци имало 516 жители или 2,3%, Роми биле регистрирани 67 жители или 0,3%, додека како Срби биле евидентирани 14 жители или 0,06%. Други имало 168 жители или 0,75%.

Со оглед на горе наведените податоци може да констатираме дека населението во општината Теарце во периодот од 1994 до 2002 година се зголемило за 1657 жители или за 8%. Албанците белезат пораст за 1599 жители или за 9,21%. Македонското население се намалило за 103 жители или помалку за 3,6%, додека Турците се зголемиле за 54 жители или за 11,7%.

### *Општина Јегуновце*

Општина Јегуновце според новата административно-територијална поделба од 2004 година бележи пораст на површината и на населението. Во рамките на оваа општина придодадена е општината Вратница која егзистираше во претходната територијална поделба.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општината Јегуновце живееле вкупно 7013 жители. Македонците биле најбројни со 4755 жители или 67,8% од целото население. Албанците броеле 2068 жители, односно 29,5%, Срби имало 107 жители или 1,52%, Ромите биле 54 жители или 0,8%, Турци имало два жители, а Власи само еден. Како други биле евидентирани 26 жители или 0,4% од вкупното населене.

Пописот од **2002 година** показува дека во општината Јегуновце живееле вкупно 10790 жители, што во споредба со 1994 година претставува пораст на населението за 3777 жители или за 53,85%. Македонците броеле 5963 жители или 55,3% од целото население. Како Албанци биле евидентирани 4642 жители или 43%, Турци биле регистрирани 4 жители или 0,04%, Срби имало 109 жители или 1,01%, додека Власи немало. Како други биле забележани 31 жител или 0,3% од вкупното население.

Податоците од пописите во 1994 и 2002 година покажуваат дека вкупното население во анализираниот период се зголемило за 3777 жители или повеќе за 53,85%. Македонското население се зголемило за 1208 жители или повеќе за 25,4%. Истото се случило и со Албанците кои се зголемиле за 3476 жители или за 298% или за околу три пати.

### *Општина Сарај*

Општината Сарај со новата територијална поделба на Република Македонија ја придодаде територијата и населението на поранешната општина Кондово која постоеше во претходната административно-територијална поделба од 1996 година.

Според податоците од **1994 година** во општината Сарај живееле вкупно 21302 жители. Македонците броеле 1303 жители или 6,1%

од вкупното население. Албанци биле регистрирани 18733 жители, односно 87,9%, Турците броеле 50 жители или 0,23%, Роми имало 165 жители или 0,8%, а Срби 18 жители или 0,08% од вкупното население. Како други биле евидентирани 1033 жители или 4,8%.

Со пописот од **2002 година** забележана е следната состојба: Вкупниот број на населението во општината Сарај изнесувала 35408 жители, што во споредба со бројот на населението од 1994 година претставува зголемување за 14106 жители или повеќе за 66,2%. Бројот на Македонците изнесувал 1377 жители или 3,9%. Албанци биле евидентирани 32408 жители или 91,5% од вкупното население, Турци имало 45 жители или 0,1%, Роми биле регистрирани 273 жители или 0,8%, Срби имало 18 жители или 0,05%, додека како други имало 1278 жители или 3,6% од целото население.

Сублимирајќи ги презентираните податоци може да заклучиме дека населението во општината Сарај во периодот од 1994 до 2002 година се зголемило за 14106 жители или повеќе за 66,2%. Македонското население се зголемило за 74 жители или поваќе за 5,7%. Албанците се зголемиле за 13675 жители или за 73%. Зголемување бележат и Ромите и тоа повеќе за 108 жители или за 65,45%.

***Општина Ѓорче Петров***

Општината Ѓорче Петров со новата територијална поделба на Република Македонија ја задржа сопствената површина како и во претходната административно-територијална поделба од 1996 година.

Според податоците од пописот во 1994 година во општината **Ѓорче Петров** живееле вкупно 37961 жители. Најбројни биле Македонците 31940 жители или 84,1%. Србите биле 1798 жители или 4,7% од вкупното население. Албанци имало 1538 жители или 4% од целото население, Ромите броеле 1140 жители или 3%. Како Турци се определиле 327 жители или 0,9%, а 91 жители или 0,2% се определиле како Власи. Како други се евидентирани 1127 жители или 2,96% од целокупното население.

Со пописот од 2002 година бројот на жителите во општината Ѓорче Петров се зголемил на 41634 жители, сто во споредба со 1994 година претставува зголемување за 3673 жители или повеќе за 9,7%. Македонците биле 35455 жители или 85,15% од вкупното население. Како Албанци се определиле 1597 жители или 3,8% од вкупното население, Турци имало 368 жители, односно 0,9%, Ромите броеле 1249 жители или 3%, Власи биле 109 жители или 0,3%, додека како Срби се определиле 1730 жители, односно 4,15%. Како други се определиле 1126 жители или 2,7%.

Анализирајки го периодот од 1994 до 2002 година можеме да заклучиме дека населението во оваа општина се зголемило за 3673 жители или за 9,7%. Македонското население бележи тренд на зголемување или поконкретно се зголемило за 3615 жители или за 11%. Албанците се зголемиле за 59 жители или за 3,8%. Турците се зголемиле за 41 жител или за 12,5%, а Ромите се зголемиле за 109 жители или 9,6%. Единствено тренд на намалување бележат Србите и тоа помалку за 56 жители или за 3,1%.

***Општина Чучер Сандево***

Исто така, општината Чучер Сандево со новата територијална поделба на Република Македонија од 2004 година ја задржа сопствената површина како и во претходната административно-територијална поделба од 1996 година.

Според податоците од пописот во **1994 година**, општината Чучер Сандево броела вкупно 8064 жители. Од нив најбројни биле Албанците со 3059 зиели или 37,93% од вкупното население. Следуваат Македонците со 2658 жители или 32,9%, Србите со 2240 жители или со 27,7% од вкупното население. Роми имало 12 жители или 0,14%, Турците биле четворица, а како други се определиле 91 жител или 1,12% од целото население.

Со пописот од **2002 година** вкуното население во општината Чучер Сандево се зголемило на 8493 жители или повеќе за 429 жители или 5,32%. Македонци биле евидентирани 4019 жители или 47,32% од вкупното население. Албанци имало 1943 жители, односно 22,8%, Србите броеле 2426 жители или 28,6%, Ромите биле 23 или 0,3%, Власи имало 16 или 0,2%, додека Турци не биле регистрирани. Како други се изјасниле 66 жители или 0,8% од вкупното население.

Според подаоците од пописите можеме да констатираме дека вкупното население во општината Чучер Сандево во анализираниот период се зголемило за 429 жители или повеќе за 5,32%. Македонското население се зголемило за 1361 жител или за 51,2%. Албанците белезат тренд на намалување и тоа помалку за 1116 жители или 36,5%. Србите се зголемиле за 186 жители, односно за 8,3%.

***Општина Липково***

Општината Липково, исто така, ги има постојните граници од старата админастративно територијална поделба.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општина Липково живееле вкупно 24324 жители. Најбројни биле Албанците со 23652 жители или 97,2% од вкупното население. Македонци биле еви-

дентирани 215 жители или 0,9%, Турци 33 жители, односно 0,13%, Срби имало 432 жители или 1,8%, додека како Роми се определил еден жител. Власи не биле евидентирани, а како други се регистрирани 21 жител или 0,1% од целото население.

Со пописот од **2002 година** забележан е пораст на населението од 24324 жители во 1994 година на 27058 жители во 2002 година. Тоа значи дека населението во општина Липково се зголемило за 2734 жители или за 11,23%. Македонското население броело 169 жители или 0,62% од целото население. Албанците биле застапени со 26360 жители или 97,4%, Срби имало 370 жители или 1,4%, Власи еден зител, додека Турци и Роми не биле евидентирани. Како друге се определиле 158 жители или 0,6% од вкупното население.

Сумирајќи ги презентираните податоци можеме да констатираме дека населението во општина Липково во периодот од 1994 до 2002 година се зголемило за 2734 жители или за 11,23%. Македонското население има тренд на намалување и тоа помалку за 46 жители или 21,4%. Албанското население се зголемило за 2708 или повеќе за 11,4%. Србите исто така се намалиле за 62 жители или за 14,35%. Интесно е бројното движење на Турците кои во пописната 1961 година броеле 12345 жители, во пописната 1981 година 427 жители, во пописната 1994 година броеле 33 жители, додека во 2002 година во општината Липково не бил евидентиран ниту еден Турчин.

***Општина Куманово***

Општината Куманово со новата административно-територијална поделба на државата претрпе одредени промени, односно ја зголеми својата територија за дел од поранешната општина Клечовце и целата општина Орашац.

Според податоците од пописот во **1994 година** општина Куманово броела вкупно 94589 жители. Најбројни биле Македонците со 56801 жител или 60,1% од вкупното население. Како Албанци биле регистрирани вкупно 23526 жители, односно 24,9%, Србите броеле 9937 жители или 10,5%, Роми имало 3118 жители или 3,3%, Турците биле 389 жители или 0,41%, а Власите броеле 123 жители, односно 0,13% од вкупното население. Како други се определиле 695 жители или 0,73%.

Со пописот од **2002 година** забележан е пораст на населението или општината Куманово броела вкупно 105484 жители, односно повеќе за 10895 жители или 11,5%. Македонците биле застапени со 63746 жители или 60,4% од целото население. Како Албанци се определиле 27290 жители или 25,8%, Турци имало 292 жители или 0,3%,

Ромите броеле 4256 жители или 4%, Власи имало 147 жители или 0,13%, додека како Срби се определиле 9062 жители или 8,6% од целото население. Како други биле регистрирани 691 жител или 0,65%.

Од презентираните податоци можеме да заклучиме дека населението во општината Куманово во периодот од 1994 до 2002 година и новата територијална поделба се зголемило за 10895 жители или повеќе за 11,5%. Македонците се зголемиле за 6945 жители или повеќе за 12,2%. Тренд на зголемување има и Албанското население и тоа за 3764 жители или за 16%. Ромите се зголемиле за 1139 жители, односно за 36,5%. Турците единствено бележат тренд на намалување и тоа за 97 жители или помалку за 24,9%.

***Општина Старо Нагоричане***

Општината Старо Нагоричане според новата територијална поделба на Република Македонија од 2004 година ја зголемила сопствената територија за дел од поранешната општина Клечовце.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општина Старо Нагоричане живееле вкупно 5074 жители. Македонското население било застапено со 3734 жители или со 73,6% од вкупното население. Како Срби се определиле 1296 жители или 25,5%. Роми и Власи имало по двајца жители, додека Албанско и Турско население во оваа пописна година не било евидентирано. Како други се определиле 40 жители или 0,8% од вкупното население.

Со податоците од пописот во **2002 година** во оваа општина е забележано намалување на населението од 5074 жители во 1994 година на 4840 жители во 2002 година. Односно, помалку за 234 жители или 4,6%. Македонското население било застапено со 3906 жители или 80,7% од целото население. Како Срби биле евидентирани 926 жители или 19,1% од вкупното население, додека како Албанци и Роми биле регистрирани по еден жител. Шест жители или 0,1% се определиле како други. Турци и Власи не биле регистрирани во оваа пописна година.

Во општината Старо Нагоричане во периодот од 1994 до 2002 година забележано е намалување на населението за 234 жители или 4,6%. Македонците се зголемиле за 172 жители или за 4,6%, додека Србите се намалиле за 370 жители или помалку за 28,5%.

***Општина Ранковце***

Општината Ранковце според новата територијална поделба ја задржала сопствената територија како и во претходната административно територијална поделба од 1996 година.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општината Ранковце живееле вкупно 4347 жители. Од нив како Маkeднонци се определиле 4275 жители или 98,3% од целото население. Роми имало 36 жители или 0,8%, додека Србите биле застапени со 29 жители или 0,7% од вкупното население. Како други се изјасниле 7 жители, додека Албанци, Турци и Власи во оваа пописна година не биле евидентирани.

Со пописот од **2002 година** забележано е намалување на населението во општина Ранковце од 4347 жители во 1994 година на 4144 жители во 2002 година. Тоа значи населението се намалило за 203 жители или помалку за 4,7%. Македонците биле застапени со 4058 жители или 97,9% од целото население. Роми имало 57 жители или 1,4%, додека Власите броеле 18 жители или 0,4%. Како други се определил еден жител. Срби, Албанци и Турци не биле регистрирани во оваа пописна година.

Анализирајќи ги презентираните податоци за општина Ранковце можеме да констатираме дека во периодот 1994-2002 година населението се намалило за 203 жители или за 4,7%. Македонците се намалиле за 217 жители или помалку за 5,1%. Ромите се зголемиле за 21 жител или 58,3%. Власите бележат зголемување од 0 во 1994 година на 18 жители во 2002 година, додека Србите се намалиле од 29 жители во 1994 година на ниту еден во 2002 година.

***Општина Крива Паланка***

Исто така, општината Крива Паланка ја задржала сопствената територија и во рамките на новата административно територијална поделба на државата од 2004 година.

Според податоците од пописот во **1994 година** во општина Крива Паланка живееле вкупно 20782 жители. Како Македонци се определиле 20075 жители или 96,6% од вкупното население. Роми биле евидентирани 516 жители или 2,5%, Срби 91 жител или 0,4% од целото население. Власи имало двајца, додека Албанци и Турци не биле регистрирани. Како други се определиле 98 жители или 0,5%.

Со пописот од **2002 година** забележано е зголемување на населението во оваа општина од 20782 во 1994 година на 20820 жители во 2002 година. Односно повеќе за 38 жители или 0,2%. Македонците биле застапени со 19998 жители или 96,05% од вкупното население. Роми биле евидентирани 668 жители или 3,2%, Срби имало 103 жители или 0,5%, Турци биле двајца, а Власи 3 жители. Како други се определиле 46 жители или 0,22% од целото население.

Врз основа на изнесените податоци може да се констатира дека вкупниот број на населението во општина Крива Паланка во анализираниот период од 1994 година до 2002 година се зголемило за 38 жители или 0,2%. Македонското население се намалило за 77 жители или за 0,4%. Ромите се зголемиле за 152 жители или за 29,45%. Зголемување од 12 жители или 13,2% бележат и Србите.

## Заклучок

Според анализата на бројното движење и етничките карактеристики на населението во наведените општини во периодот од 1994 до 2002 година и според промената на административната поделба на територијата на Република Македонија од старата од 1996 во новата од 2004 година, евидентно е дека настанале демографски промени во граничното подрачје кои се значајни од различни аспекти. Првенствено геостратегиската метоположба на одредени општини кои инклинираат во северното гранично подрачје, а кои со промените се стекнаа поголеми општински граници и поголеми концентрации на население од еднороден етнички состав. Имапликациите од таквата состојба можат да се почувствуваат и на други полиња, первенствено во економската и социјалната сфера, но и во еколошката создавајќи одредени притисоци врз животната средина и исцрпувајќи ги основните ресурси за живот во конкретните подрачја.

Континуираниот пораст на бројот на населението од ист етнички состав во северното гранично подрачје доведува до создавање на посебен тип на грнично подрачје заради специфичните општествено-економски карактеристики, заради историскиот развиток и заради современите општествени процеси, кај нас и во непосредното соседство. Таквите појави бараат покомплексни научни експертизи, затоа што истите не се рефлектираат единствено врз развојот на општините, туку во одредени ситуации и под одредени околности можат да доведат до појава на формирање на одредени енклави кои доведуваат до појава на регионализми кои подоцна можат да произведат сепаратизам и да го доведат во прашање територијалниот интегритет на државата.

Со новата територијална поделба на Република Македонија, особено индикативни се состојбите со зголемувањето на албанското население во одредени општини од северното гранично подрачје. Имено, најголем тренд на зголемување е забележан во општината

Врапчиште и тоа за повеќе од 4 пати, во општината Боговиње за 113,2% и во општината Јегуновце за околу 3 пати. Од вкупното население (503143 или 24,9% од вкупното население во државата) кое живее во општините кои целосно или со еден свој дел припаѓаат во северното гранично подрачје како Македонци се определиле 178438 жители или 35,5% од вкупното население. Албанци имало 276830 жители, односно 55%, Турци се регистрирани 15417 жители или 3,1%, Роми имало 11234 жители или 2,2%, Власите броеле 324 жители или 0,1%, а како Срби се определиле 16021 жители или 3,2% од вкупното население. Како други биле евидентирани 5224 жители или 1,03% од целото население во северното гранично подрачје.

Состојбите со етничкиот состав на населението во општините чии што населени места се наоѓаат непосредно до граничната линија, веројатно влијаела и врз илегалното преминување на лица од соседните територии на Србија и Косово, заради недозволена трговија со стоки и оружје во изминатиот период, односно врз системот на интегрираното гранично обезбедување на државната граница на Република Македонија.

Имајќи предвид дека во одредени временски периоди се случуваат одредени промени во етногеографските карактеристики на населението, резултатите од овој труд треба да претставуваат солидна основа за детелно проучување на населението во наведениот простор од повеќе аспекти.

(Рецензент: *доц. д-р Оливер Бакрески*)

| Северно гранично подрачје | | | | | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Општина | Вкупно | | Македонци | | Албанци | | Турци | | Роми | | Власи | | Срби | | Други | |
| | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 | 1994 | 2002 |
| **Гостивар** | 45740 | 81042 | 13514 | 15877 | 25186 | 54038 | 4477 | 7991 | 1884 | 2237 | 11 | 15 | 261 | 130 | 407 | 724 |
| **Врапчиште** | 8416 | 25399 | 1135 | 1041 | 4028 | 21101 | 3211 | 3134 | 0 | 0 | 0 | 0 | 17 | 4 | 25 | 119 |
| **Боговиње** | 13001 | 28997 | 19 | 37 | 12953 | 27614 | 3 | 1183 | 10 | 5 | 0 | 0 | 1 | 525 | 15 | 27 |
| **Тетово** | 65318 | 86580 | 20733 | 20053 | 38765 | 60886 | 2077 | 1882 | 2272 | 2357 | 18 | 15 | 850 | 604 | 603 | 783 |
| **Теарце** | 20797 | 22454 | 2842 | 2739 | 17351 | 18950 | 462 | 516 | 92 | 67 | 0 | 0 | 41 | 14 | 9 | 168 |
| **Јегуновце** | 7013 | 10790 | 4755 | 5963 | 2068 | 4642 | 2 | 4 | 54 | 41 | 1 | 0 | 107 | 109 | 26 | 31 |
| **Сарај** | 21302 | 35408 | 1303 | 1377 | 18733 | 32408 | 50 | 45 | 165 | 273 | 0 | 0 | 18 | 18 | 1033 | 1278 |
| **Ѓорче Петров** | 37961 | 41634 | 31940 | 35455 | 1538 | 1597 | 327 | 368 | 1140 | 1249 | 91 | 109 | 1786 | 1730 | 1127 | 1126 |
| **Чучер Сандево** | 8064 | 8493 | 2658 | 4019 | 3059 | 1943 | 4 | 0 | 12 | 23 | 0 | 16 | 2240 | 2426 | 91 | 66 |
| **Липково** | 24324 | 27058 | 215 | 169 | 23652 | 26360 | 33 | 0 | 1 | 0 | 0 | 1 | 432 | 370 | 21 | 158 |
| **Куманово** | 94589 | 105484 | 56801 | 63746 | 23526 | 27290 | 389 | 292 | 3118 | 4256 | 123 | 147 | 9937 | 9062 | 695 | 691 |
| **Старо Нагоричане** | 5074 | 4840 | 3734 | 3906 | 0 | 1 | 0 | 0 | 2 | 1 | 2 | 0 | 1296 | 926 | 40 | 6 |
| **Ранковце** | 4347 | 4144 | 4275 | 4058 | 0 | 0 | 0 | 0 | 36 | 57 | 0 | 18 | 29 | 0 | 7 | 1 |
| **Крива Паланка** | 20782 | 20820 | 20075 | 19998 | 0 | 0 | 0 | 2 | 516 | 668 | 2 | 3 | 91 | 103 | 98 | 46 |

**Напомена:** Податоците за 1994 се однесуваат на територијалната поделба од 1996 година, додека податоците од пописот во 2002 година за административно-територијалната поделба од 2004 година.

## ЛИТЕРАТУРА

Панов М., Поповски В., (1998) *Ойшйиниийе во Рейублика Македонија.* Скопје: АД Мисла.

Талевски Ј., (1997) *Граничийе на Рейублика Македонија.* Битола: Апекс.

Милески Т. (2005) *Македонија: Рубикова коцка на Балканой.* Скопје: Филозофски факултет.

Топографска карта 1:200000

Карти на територијална поделба на Република Македонија, 1996 година и 2004 година.

ЗСРМ, Вкупно население на Република Македонија според изјаснувањето за национална припадност, по населени места. Документација од пописот во 1994 година, Скопје.

ЗСРМ, Статистички годишник на Република Македонија, 2006 година.

Toni MILESKI

# ETHNIC AND GEOGRAPHIC CARACTERISTICS OF THE POPULATION IN NORTHERN BORDER AREA ACCORDING TO ADMINISTRATTIVE AND TERRITORIAL DIVISION FROM 2004

## Summary

*This study elaborates determined statistics concerning the movement and the ethnic and geographic characteristics of the population of the discussed municipalities from the northern part of the Republic of Macedonia, whose territories partially or completely belong to the border area. The data has been presented and analyzed for each municipality, according to the information from the census in 1994 and old territorial map from 1996 and census in 2002 and new administrative territorial division from 2004. Although there is information about the population of the Republic of Macedonia, what lacks is a concrete analysis concerning the statistics about the movement and the ethnic structure of the population in the municipalities, according to the existing territorial division. The analyses of the population from different aspects including the strategic and geographic are very important.*

***Keywords:*** *POPULATION, ETHNIC AND GEOGRAPHIC CHARACTERISTICS, MUNICIPALITY, CENSUS.*